# ПОСТАПКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПОПЛАВИ

Имајќи ја во предвид состојбата со поплавите на територија на Република Македонија, Агенцијата за храна и ветеринарство подготви препораки до сопствениците и одгледувачите на животни во поглед на заштитата и благосостојбата на животните.



-Без разлика дали се работи за домашен миленик или за домашни животни, сопствениците и одгледувачите имаат должност да бидат подготвени во случај на елементарна непогода и да водат сметка за заштитата и благосостојбата на животните.

-Сопствениците и одгледувачите на животни треба постојано да ја следат метеоролошката состојба, особено предупредувањата од надлежните органи за опасност од појава на поплави, за да можат навремено да ги извршат неопходните подготовки за заштита на животните.
Основна работа е на животните да им се обезбеди соодветна храна, вода и засолниште.
-Доколку постои предупредување за поплава, ако има можност, животните пред надоаѓање на водата да се префрлат на безбедна локација.



-Доколку во краток рок е потребно да се напушти местото на живеење, а не е можно да се понесат животните со себе, ако е можно животните треба да се префрлат на безбедно место. Ако се во штала и се држат врзани, животните треба да се одврзат и доколку постои можност, да се дислоцираат на повисоко место каде ризикот од поплавување е помал. Исто така, треба и да се отворат вратите од боксовите и шталите со што животните би имале шанса да побегнат. Животните кои се држат на отворено исто така треба да се префрлат на повисоко место каде ризикот од поплавување е помал.

-Доколку е можно, храната треба да се складира и префрли на безбедно и суво место, по можност да се складира и свежа вода (во херметички затворени резервоари, цистерни, буриња итн.).



-Животните треба да бидат обележани согласно Законот за идентификација и регистрација, односно говедата, овците и козите и свињите со ушни маркици, а доколку се работи за животни кои немаат идентификација, сопственикот може привремено да ги обележи за да можат да се идентификуваат во случај да се изгубат.

-Фармскиот регистер и податоците за животните да се складираат на безбедно и суво место.



-Доколку се најдат животни во поплавени подрачја, со истите треба да се постапува внимателно, имајќи во предвид дека се вознемирени и исплашени. Прво треба да се згрижат помладите животни. На истите треба што побрзо да им се обезбеди свежа и безбедна вода (доколку нема друга опција за безбедна вода, на животните може да им се даде да пијат дождовница). Храната може да се даде во помала количина од вообичаената. Одгледувачите треба да се обратат до екипите на терен кои ќе им дадат соодветни информации каде и како може да обезбедат свежа вода и соодветна храна. **На животните не треба да им се дава да пијат од поплавената вода.**



-Доколку има ограничен извор на вода, на животните дневно треба да им се обезбеди следната количина на вода (во зависност од возраста, големината и продукцијата на животните):

- Говедо 30-50 литри
- Коњ 20-45 литри
- Свињи 4-12 литри
- Овци и кози 6 литри
- Живина 0.5 литри

-За да се намали жедта, доколку има потреба, на животните треба да им се дава помала количина на храна, пресушување на млечните крави кои се во подоцнежна фаза на лактација итн.

-Одгледувачите треба да бидат во контакт со надлежниот ветеринар за давање совети, инструкции, а по потреба и за давање на ветеринарно медицинска грижа.

-По поплавата, прво треба механички да се исчисти отпадот кој е надојден, да се изврши дезинфекција и дезинсекција. Животните се враќаат во одгледувалиштето кога објектите се безбедни, чисти и суви и по

консултација и дозвола од надлежен ветеринар. Ветеринарот треба да ја провери здравствената состојба на животните.



-Доколку животните не може да се сместат во шталите на истите треба да им се обезбеди соодветно засолниште со суви и безбедни лежишта. Животните треба да имаат пристап до свежа вода и храна.

-Доколку се наиде на мртво животно треба да му се запише бројот на ушната маркица или идентификационата ознака. Лешевите од животните треба нештетно да се отстранат по претходна консултација со надлежните лица.

-Животните кои не се во добра здравствена состојба, кои очигледно патат и страдаат, во консултација со надлежен ветеринар треба да се убијат на хуман начин.